за проверка на оцена, односно знаењата на ученикот. Оваа комисија е составена од одделенскиот раководител на паралелката и наставници од соодветниот предмет во училиштето или од најблиското училиште иземајќи го соодветниот наставник.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Тимот за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар е составен од директорот на училиштето и стручните соработници. Стручните посети ќе се одвиваат во текот на целата учебна година во согласност со планот и програмата за работа на директорот и стручните соработници и врз изработени инструменти за следење на квалитетот на работата.

Следењето и вреднувањето ќе се однесува на квалитет на работата и постигањето на компетенциите на наставниците, примена на соодветни дидактичко-методички решенија на часот, примена на различни техники во учењето на учениците на часот, односот кон учениците, реализација на ИОПите за учениците со ПОП и модифицирана програма, приодот и поддршката на учениците со потешкотии во учењето, работата со талентираните и надарените ученици. . Сите забелешки и препораки од остварената посета се приложуваат кон професионалното досие на наставникот.

ЕВИДЕНЦИОНА ЛИСТА ЗА ПОСЕТА НА НАСТАВЕН ЧАС

Дата	Тип на часот
Основно училиште	Наставна единица
Одделение	Име и презиме на наставникот
Предмет	

1	Организацијата на часот беше соодветна за постигнување на поставените цели	1	2	3	4
2	Се користеше стратегија за учење преку истражување и експеримент	1	2	3	4
3*	Проверени се предзнаењата на учениците за темата/содржината	1	2	3	4
4*	Наставникот ги користеше предзнаењата на учениците за темата/содржината	1	2	3	4
5	Различните активности во текот на часот имаа природен, спонтан и логички редослед	1	2	3	4
6*	При давањето на задолженија наставникот внимаваше тие да соодветствуваат на можностите на учениците	1	2	3	4
7	Имаше активности каде постоеше меѓусебна соработка на учениците во парови или мали групи	1	2	3	4
8*	Секоја од групите/паровите работеше на различна задача (задача соодветна на нивните предзнаења)	1	2	3	4

9*	Учениците имаа јасна претстава за очекуваните исходи	1	2	3	4
10	Учениците беа вклучени со соодветни активности во воведниот дел (воведното ангажирање)	1	2	3	4
11	Учениците беа вклучени во соодветни активности во истражувањето и дискусијата	1	2	3	4
12	Учениците беа вклучени во соодветни активности во фазата на примена	1	2	3	4
13*	Учениците имаат можност слободно да го презентираат своето гледиште и беа поттикнати да ги земат предвид и гледиштата на соучениците	1	2	3	4
14	Наставникот јасно ги презентираше информациите и упатствата за работа	1	2	3	4
15*	Учениците поставуваа прашања и бараа дополнителни информации	1	2	3	4
16*	Наставникот даваше доволно време за одговори на поставените прашања, ги сослушуваше одговорите и мислењата и даваше повратна информација	1	2	3	4
17*	Наставникот ги поттикнуваше учениците на самооценување	1	2	3	4
18*	Повратната информација која ја даваше наставникот ги насочи учениците кон понатамошни активности	1	2	3	4
19*	Наставникот ги поттикнуваше на активност и повлечените и по успех послаби ученици	1	2	3	4
20*	До крајот на часот наставникот имаше увид во постигнатоста на целите на часот кај поголемиот број ученици	1	2	3	4
Општ коментар:					

Директор Сузе Велковска Радевска

ИНСТРУМЕНТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА НАСТАВЕН ЧАС

Предмет:_____

Наставник:_____

Датум:_____

Стандарди	Индикатори	2	3	4	5
Наставникот применува соодветни дидактичкометодички решенија на часот	Јасно ги истакнува целите на часот				
	Дава јасни напатствија и објаснување на учениците				
	Ги истакнува клучните поими кои учениците треба да ги научат				
	Користи наставни методи кои се ефикасни во однос на целта на часот				
	Поставува се посложени прашања и задачи				

Наставникот применува различни техники во учењето на учениците на часот	Ги учи учениците како да користат различни начини/пристапи за решавање на задачите/проблемите				
	Ги учи учениците како новото знаење да го поврзат со претходно наученото				
	Ги учи учениците како да го поврзат стекнатото знаење со примери од секојдневниот живот				
	Ги учи учениците како во процесот на учење да прават корелација со другите наставни предмети				
	Ги учи учениците како да постават своја цел во учењето				
Наставникот ја прилагодува работата на часот со воспитнообразовните потреби на учениците	Ги прилагодува целите на способностите на учениците				
	Ги прилагодува темпото на работа на различните потреби на учениците				
	Го прилагодува наставниот материјал на индивидуалните карактеристики на учениците				
	Посветува внимание на учениците во зависност од нивните воспитно-образовни потреби				
	Применува специфични задачи /активности за учениците со посебни воспитно-образовни потреби				
Учениците стекнуваат знаења на часот	Учениците со интерес ја следат наставата на часот				
	Учениците активно учествуваат во работата на часот				
	Активностите и работата на учениците покажува дека е постигната целта на часот				
	Учениците користат достапни извори на знаење				
	Учениците ја користат повратната информација за да решат проблемска задача				
	Учениците самостојно ја оценуваат точноста на одговорот на соучениците				
	Учениците умеат да образложат како дошле до решение				
	Ефикасно ги структурира и поврзува деловите на часот				
	Ефикасно го користи времето на часот				
Наставникот ефикасно управува со процесот на учење на часот	На конструктивен начин воспоставува и одржува дисциплина на часот во согласност со договорените правила				
	Функционално ги користи постоечките наставни средства				
	Ја насочува интеракцијата меѓу учениците во функција на учењето (користи прашања, идеи и коментари на учениците)				

	Прави рефлексија на часот				
Наставникот користи критериуми и стандарди во процесот на знаењата во функција на понатамошното учење	Наставникот врши оценување соодветно на критериумите и стандардите за оценување од наставната програма				
	Ги прилагодува барањата на индивидуалните способности на учениците				
	Го пофалува напредокот во учењето кај учениците				
	Дава разбирлива повратна информација на учениците за нивната работа				
	Наставникот ги учи учениците како да го ценат своето напредување				
Наставникот создава мотивирачка атмосфера за работа на часот	Покажува почит кон ликот на ученикот				
	Покажува емпатија кон учениците				
	Соодветно постапува на меѓусебното непочитување на учениците				
	Користи различни постапки за мотивирање на учениците				
	Дава можност на учениците да поставуваат прашања, да дискутираат во врска со предметот на учење				

Стручен соработник социолог Гордана Чанговска

16.4.Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалуација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалуација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Извештајот за самоевалуација на училиштето се разгледува на седницата на Наставничкиот совет и Советот на родители, при што се дискутира во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни при изготвувањето или ревидирањето на Развојната програма на училиштето. Конечниот извештај го разгледува и одобрува Училишниот одбор.

Одобрениот извештај се доставува до директорот на училиштето, општина Чучер -Сандево и МОН. Се објавува на веб страната на училиштето.

Комисија за спроведување на самоевалуација за периодот од 2024 до 2026 година :

- Сузе Велковска Радевска - директор
- Гордана Чанговска- социолог
- Ана Радосављеиќ-специјален едукатор и рехабилитатор
- Маја Тапарчевиќ – библиотекар

- ❖ Николина Ѓорчевска-наставник ментор
- ❖ Марина Пршевска - родител

Задачи на оваа комисија се:

- да подготви план за самоевалуација;
- да формира тимови по подрачја и да ги едуцира за спроведувањето на процесот;
- да обезбеди услови за спроведување на самоевалуација (потребни технички и материјални ресурси, пристапност кон потребната документација, известување на сите чинители за започнувањето на процесот на самоевалуација, планираните активности и временската рамка за нивна реализација);
- да ги утврди и да ги контролира правилата на работа и на однесување за време на спроведувањето на процесот и правилата за чување, заштита и располагање со податоците;
- да изготви извештај за извршената самоевалуација со предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето.

План за спроведување на самоевалуацијата за утврдување на квалитетот на работата на училиштето

Формирање тимови по подрачја	**Одговорен на тимот**	**Едуцирање на тимот за спроведување на самоевалуацијата**	**Обезбедување услови и контрола на правилата на работа за време на спроведување на процесот на самоевалуација**	**Извештај за извршената самоевалуација**

ПОДРАЧЈЕ 1: ПЛАНИРАЊЕ, НАСТАВА И УЧЕЊЕ Членови на тимот: Николина Ѓорчевска Валентина Пешевска Стефан Нешковиќ Ана Гурмешевиќ Маја Видоновска Наташа Кипријановиќ Наташа Стајковиќ	Николина Ѓорчевска	Проучување на подрачјето и индикаторите на квалитет Распределба на задолженијата во рамките на тимот	Увид кои докази се на располагање, а кои треба да се обезбедат Прибирање документи обработка и поврзување со индикаторите на квалитет Анализа и триангулација на податоците Идентификација на силните и слабите страни во однос на подрачјето и издвојување приоритети	Подготовка и предавање на извештајот на комисијата
ПОДРАЧЈЕ 2: ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ Членови на тимот: Гордана Чанговска Игор Беличански Ирена Јошевска Александра Ѓаковиќ Павлинка Стоилковска Валентина Сурловска Лиле Гиевска	Гордана Чанговска	Проучување на подрачјето и индикаторите на квалитет Распределба на задолженијата во рамките на тимот	Увид кои докази се на располагање, а кои треба да се обезбедат Прибирање документи обработка и поврзување со индикаторите на квалитет Анализа и триангулација на податоците Идентификација на силните и слабите страни во однос на подрачјето и издвојување приоритети	

ПОДРАЧЈЕ 3: УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО Членови на тимот: Ана Радосављевиќ Кристина Јаневска Гордана Димитриева Стефан Ацковски Анѓа Живановска Жозефина Томашевска Зорица Силјановска	Ана Радосављевиќ	Проучување на подрачјето и индикаторите на квалитет Распределба на задолженијата во рамките на тимот	Увид кои докази се на располагање, а кои треба да се обезбедат Прибирање док обработка и поврзување со индикаторите на квалитет Анализа и триангулација на податоците Идентификација на силните и слабите страни во однос на подрачјето и издвојување приоритети	
ПОДРАЧЈЕ 4:УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКИ Членови на тимот: Маја Тапарчевиќ Јулијана Јакимовска Благица Гогова Сања Трајановска Даниела Периќ Александар Пирковски Андријана Шегмановиќ	Маја Тапарчевиќ	Проучување на подрачјето и индикаторите на квалитет Распределба на задолженијата во рамките на тимот	Увид кои докази се на располагање, а кои треба да се обезбедат Прибирање документи обработка и поврзување со индикаторите на квалитет Анализа и триангулација на податоците Идентификација на силните и слабите страни во однос на подрачјето и издвојување приоритети	

17.Безбедност во училиштето

Училиштето има изготвено план за евакуација на учениците и вработените во случај на елементарни непогоди во кој секој од вработените има своја улога и задолженија. За поголема безбедност и ефикасност при евакуација, училиштето има изготвено скици на просториите на соодветниот спрат на кои се означени и правците за безбедно движење и најбрзо напуштање на училиштето. На почетокот на учебната година на учениците ќе им се презентира „Планот за евакуација на

училиштето во случај на незгода, кој исто така е истакнат на видни места во училиштето. Учениците ќе бидат запознаени со планот на одделенските часови, а планирани се и вежби за евакуација за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од природни и други несреќи-пожари, поплави и слични закани и ризици.

Вкупниот број на наставни часови на кои се обработуваат содржини и активности од наставните теми за обучување за самозаштита во наставната програма е:

- од I-V одделение – 8-12 часа
- од V-IX одделение – 12-20 часа

Во случај на елементарни непогоди (поплави, пожари, земјотреси, енормни врнежи од снег и друго) училиштето со тимот за справување од елементарни непогоди врши пробни евакуации. Во училиштето има прибор за прва помош во случај на повреда на ученик или вработен да се пружи прва помош. Реализирани се неколку Вежби за евакуација од земјотрес со нус појава пожар во соработка со Црвен крст Чаир и Противпожарно друштво Бајрам Мифтари.

Во училиштето се планираат и курсеви за учениците за прва помош и заштита од страна на наставниците по биологија - природни науки во рамките на „Секција за прва помош и заштита ППЗ“. Целта е продолжување по стапките од повозрасните, меѓусебно другарување и учење вештини, помош и подршка во превентивни програми.

Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда (видео надзор, легитимирање на посетителите), како и на безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред.

Ќе продолжиме со спроведување на програмите за превенција на насилно однесување во училиштето, превенција на трговија со луѓе, болести на зависност и сексуално преносливи болести, во рамките на одделенските часови, на состаноците на одделенските заедници, со помош на стручната служба и други стручни лица. Планирани се едукативни работилници со родители, ученици и наставници за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците, со вклучување на надлежни институции и експерти за определените области на дејствување.

Програмата за заштита и спасување од елементарни непогоди е дадена во Прилог број. 27 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.

18. Грижа за здравјето на учениците

Составен дел на училишната програма заземаат содржините поврзани со здравјето на учениците. Цел на програма за унапредување на здравјето е формирање на психички,социјално и физички здрава личност, способна да се грижи за своето

здравје и здравјето на другите во околината. Грижата за здравјето на учениците во училиштето е обврска на сите вработени и се води грижа на три нивоа:

- физичко здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- ментално здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- социјалното здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност и комуникација.

Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата.Предавања и разговори на часот и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за здрав начин на живеење.

18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето се одржува редовно и континуирано со чистење и дезинфицирање на сите простории во училиштето како и на целокупниот инвентар и наставни нагледни средства, при тоа се користат еколошки средства за чистење и дезинфекција. За одржување хигиената во училиштето се грижи техничкиот пресонал, но вклучени ќе бидат и сите вработени, а особено одделенските раководители преку развивање правилен однос кон хигиената со учениците и преку надзор на извршувањето на дадените задачи, како што се одржување на училници, ходници и училишниот двор. Таа цел најдобро ќе се постигне со реализација на наставни и воннаставни активности поврзани со оваа тема.

Училиштето преку редовни училишни еко акции, предавања, работилници и слично ја поттикнува свеста кај учениците за одржување на хигиената, акции за чистење на училишниот двор, садење цвеќиња, собирање пластични шишиња. Дератизација, дезинсекција и дезинфекција се врши два пати во годината од надлежни институции како и секојдневно дезинфицирање на просториите во училиштето при редовното чистење.

18.2. Систематски прегледи

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи согласно закон. Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски лекарски прегледи.
Учениците ќе бидат опфатени со систематски прегледи според акциското план на Центарот за јавно здравство. Дел од учениците ќе поминат на преглед на заби и ќе се направат залевки. Учениците од одделенска настава на систематските прегледи ќе бидат придружувани од своите одделенски раководители, додека пак учениците од предметна настава ќе бидат придружувани од класниот раководиел, наставник кој во тој момент е слободен или од стручната служба, сè со цел наставата да се одвива непречено.

За девојчињата од VI одделение ќе се одржи предавање на тема ,,Едукативна програма за промените во пубертетот кај девојчињата.

18.3. Вакцинирање

Училиштето соработува со здравствени установи заради спроведување на здравствена заштита на учениците, посебно во вршењето на лекарски прегледи на децата кои се запишуваат во прво одделение, спроведувањето на редовните вакцинации согласно закон. Училиштето задолжително го информира родителот односно старателот на ученикот за спроведувањето на редовните вакцинации

Вакцинирањето ќе се одвива според акцискиот план на Центарот за јавно здравје и календарот за имунизација и вакцинација.

Процесот на вакцинација и имунизација ќе се изведува како и досега во, **Поликлиника Чаир - оддел за училишна возраст** а за сето тоа социологот ќе води евиденција.

18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Училиштето во текот на учебната година континуирано организира ужина за сите ученици и топол оброк за учениците од прво до трето одделение. Оброците се подготвуваат во градинката ,,Мило мое'' според стандардизирано мени од Агенцијата за здрава храна на РСМ во соработка со училиштето и Советот на родителите во училиштето.

-Едукација за здрава исхрана

Едукација за здрава исхрана и оваа учебна година првенствено ќе вршат одделенските раководители преку наставни содржини од оваа област и на часовите за одделенска заедница. Исто така, овој тип на наставни содржини ќе бидат реализирани на часовите по Вештини на живеење и Унапредување на здравјето.

Училиштето во текот на цела учебна година континуирано реализира едукативни предавања за здрава храна како преку редовните наставни содржини така и преку соработка со стручни лица од таа област во вид на предавања, трибини и работилници. Училиштето секоја година во рамките на Програмата „Еко- училиште“ реализира активности од кампањата „Здрава храна“. Учество земаат учениците, родителите, наставниците со изработка на штанд на здрава храна во училишниот хол. Кампањата има за цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителитеи локалната заедница.

19. Училишна клима

19.1. Дисциплина

Во текот на учебната година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима. Дисциплината во училиштето го опфаќа меѓусебниот однос на сите субјекти во

воспитно - образовниот процес (ученици, наставници, персонал), како и односот на секој од нив поединечно кон материјалните добра и училишниот имот. Таа е пропишана и се реализира според повеќе правни акти како: Кодекс за однесување на учениците, Кодекс за однесување на родителите и Кодекс за однесување на наставниците во училиштето, куќниот ред на училиштето, интерни правила за педагошки мерки, распоред на дежурства на наставниот кадар и распоред на дежурства на ученици во училиштето. Исто така, без исклучоци се почитува Куќниот ред на училиштето. Во нив детално се разработени правилата на однесување на секој од гореспоменатите субјекти, како и санкциите во случај на прекршување на утврдените правила. За надминување на проблемите во поведението и дисциплината континуирано се водат разговори помеѓу ученикученик, ученик-наставник, ученик-стручен соработник, а по потреба и со родител со цел подобра дисциплина и воспоставување на работната атмосфера на часовите. При изрекувањето на педагошките мерки се обезбедува еднаквост и праведност во однос на сите ученици и доследно се применуваат Правилникот и Критериумите за изрекување педагошки мерки.

Вратите на училиштето се отвараат во 6 часот наутро и се затвораат во 17:30 часот. За одржување на редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор се грижат дежурните наставници и дежурните ученици, според строго утврден распоред на дежурства. Дежурствата на наставниците ќе бидат истакнати на огласната табла во наставничката канцеларија и на огласната табла на училиштето, по тој распоред секој дежурен наставник ја исполнува својата обврска.

Распоредот на дежурни наставници е даден во Прилог бр.28 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во училиштето се води грижа за функционалното и естетско уредување и одржување на просторот, во согласност со возраста на децата. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото се со цел негова подобра функционалност и удобност при тоа водејќи сметка за мулти-културализмот во училиштето. Во сите училници за ентериерот се грижат наставниците и учениците, додека за уредувањето на холот и ходниците одговорен е Тимот за естетско уредување. Сите простории во училиштето функционално ги задоволуваат потребите на учениците и наставниците со што се овозможува непречена реализација на наставата.

Членови на Тимот за естетско уредување на училиштето се Јулијана Јакимовска, Стефан Нешковиќ, Ана Гурмешевиќ, Сања Трајановска, Александра Ѓаковиќ, Валентина Сурловска, Наташа Кипријановиќ, Жозефина Томашевска.

Планот за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштетое даден во Прилог бр.29 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.

19.3. Етички кодекси

Училиштето во рамките на своето работење има изготвено кодекс за однесување на наставниците, кодекс за однесување на учениците, а некои од начелата за етички кодекс на вработените во училиштето опфатени се и во рамките на одредбите од куќниот ред на училиштето како и кодекс за однесување на родители кои се составен дел на училишната документација и пракса.

Пред почетокот на учебната година тимот од наставници од одделенска и предметна настава и стручната служба раководени под некои сугестии и потреби од страна на учениците и родителите ќе го обновиме и потврдиме постоечкиот кодекс на однесување. .. Училиштето има изготвено Еко-кодекс кој содржи различни еко-пораки за заштита и унапредување на училишната средина и поширокатa локална средина. Еко-кодексот е изработен од учениците, наставниците и родителите и заедно со останатиот кодекс ќе биде изложен во холот во училиштето.

За непочитување на правилата на однесување за сите инволвирани следат соодветни мерки.

Правилникот за однесување на ученици, наставници и родители е даден во Прилог бр.30 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.

19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација и соработка помеѓу сите структури за одржување на добра училишна клима. Тимот, кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување, е составен од следните членови: директор, стручна служба, претставници од Училишен одбор, претставници од Совет на родители, од Наставнички совет и техничка служба и претставници од Ученички парламент.

Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети.

За продлабочување на довербата и соработката меѓу структурите во училиштето се предвидуваат повеќе конкретни активности:

- ✓ соработка помеѓу кадарот од одделенска настава и предметна настава во различни активности меѓу одделенија;

- ✓ соработка на наставниот персонал со стручните служби преку состаноци, работилници, дебати за вистинските потреби и поддршки во однос на работата и животот на училиштето, надминување на проблемите и огледувајќи се на успесите и добрите придобивки;
- ✓ соработка на наставниот персонал, стручните служби и техничкиот персонал особено околу рано откривање на деликвентно и недолично однесување на учениците, персоналот и сл.;
- ✓ соработка преку состаноци, работилници и дебати со Советот на родители и родителите со цел едукација и поддршка во совладување на негативното влијание на надворешниот свет и справување со ново настанатите ситуации во околината.

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој се утврдуваат на состаноците на стручните активи, а истите произлегуваат и како слаби страни од направената Самоевалуација на училиштето.

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

20.2. Активности за професионален развој

Следејќи ги законските потреби за задолжително стручно усовршување на наставниците и стручните соработници, нашето училиште ќе ги следи пропишаните подрачја и темите за обуките за стручно усовршување наведени во ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ за учебната 2025/2026 год. и тоа:

-За наставниците	**-За стручни соработници**
1. Знаења за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем 2. Поучување и учење 3. Создавање стимулативна средина за учење 4. Социјална и образовна инклузија 5. Комуникација и соработка со семејството и заедницата 6. Професионален развој и професионална соработка	1. Работа со учениците 2. Работа со наставниците 3. Работа со родителите 4. Соработка со заедницата 5. Професионален развој и професионална соработка 6. Аналитичко-истражувачка работа 7. Училишна структура, организација и клима

Училиштето организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Притоа се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од претходно проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, а исто така се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаеан дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Во однос на Личниот план за професионален развој на директор/стр.служба/наставник секој според планираните активности ќе ги надоградува сопствените компетенции за квалитетна настава.

20.3. Личен професионален развој

За сопственото стручно усовршување се прави личен план за професионален развој врз однос на самоевалуацијата, резултатите од интегралната евалуација и извештаите од посетите на директорот на училиштето, советници од Бирото, Центарот и ДПИ. Планот го одобрува директорот на училиштето на предлог на тимот за професионален развој во училиштето. Тимот за професионален развој, го соочинуваат координаторите на стручните активи на наставниците, директорот и стручните соработници.

Планирањето на професионалниот развој секој наставник и стручните соработници го доставува најдоцна до 10 септември за тековната година до тимот за професионален развој во училиштето, во хартиена или електронска форма.

Реализацијата на професионален развој, наставникот и стручните соработници го пополнува секоја учебна година и го доставува до тимот за професионален развој најдоцна до 30 јуни, во хартиена или електронска форма.

За професионалниот развој секој наставник води професионално досие.

. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

20.4. Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед Училиштето изготвува акциски план со планирани активности кои ќе бидат во прилог на годишната програма.

20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Училиштето е вклучено во процесот на кариерен развој на воспитно-образовниот кадар. Следењето и вреднувањето на работата на наставниците го врши директорот и претставници на Бирото за развој на образованието. Истото се однесува на квалитетот на работата и постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето, наставниците добиваат извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа кои се чуваат во досието на наставникот. Извештаите се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

Воспитно-образовниот кадар е запознаен и со критериумите за напредување во звањата метор и советник како и процедурата за стенување на звање.

Програмата за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар е дадена во Прилог број. 31 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026.

21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Реден број	**Наставник**	**Предмет што го предава**	**ден**	**Час**
1.	Зорица Силјановска	Македонски јазик	Понеделник	13.00-13.30
2.	Лилјана Б.Гиевска	Македонски јазик	Понеделник	13.00-13.30
3.	Николина Ѓорчевска	Математика	Понеделник	13.00-13.30
4.	Гордана Велкова	Математика	Вторник	13.00-13.30
5.	Сузана Станиќевска Адамс	Физика	Среда	13.00-13.30
6.	Даниела Периќ	Англиски јазик	Понеделник	13.00-13.30
7.	Маја Видиновска	Хемија	Понеделник	13.00-13.30
		Природни науки	Среда	13.00-13.30

8.	Валентина Пешевска	Биологија	Среда	13.00-13.30
9.	Весна Вучковска	Историја	Среда	13.00-13.30
10.	Наташа Стајковиќ	Историја	Понеделник	13.00-13.30
11.	Стефан Нешковиќ	Ликовно	Понеделник	13.00-13.30
12.	Александар Пирковски	Физичко образование	Вторник	13.00-13.30

13.	Стефан Ацковски	Физичко образование	Вторник	13.00-13.30
14.	Благица Гогова	Географија	Понеделник	13.00-13.30
15.	Игор Беличански	Музичко образование	Среда	13.00-13.30
16.	Андријана Шегмановиќ	Француски јазик	Четврток	13.00-13.30
17.	Александра Ѓаковиќ	Англиски јазик	вторник	13.00-13.30
	Ирена Јошевска	Граѓанско образование	Вторник	13.00-13.30
		Иновации	Вторник	
20.	Валентина Сурловска	Јазик и култура на Србите	Понеделник	13.00-13.30
21.	Жозефина Томашевска	Германски јазик	Понеделник	13.00-13.30
22.	Кристина Јаневска	Одделенска настава	понеделник	13.00-13.30
23.	Ана Гурмешевиќ	Одделенска настава	Понеделник	13.00-13.30
24.	Јулијана Јакимовска	Одделенска настава	Среда	13.00-13.30
25.	Гордана Димитриева	Одделенска настава	Вторник	13.00-13.30

26.	Наташа Киприновиќ	Одделенска настава	Вторник	13.00-13.30
27	Илинче Митева	Одделенска настава	Вторник	13.00-13.30
28	Павлинка Стоилковска	Одделенска настава	понеделник	13.00-13.30

Соработката со родителите се остварува преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во различни аспекти од училишниот живот како и Советот на родители, формиран од по еден претставник од секое одделение кој што го избираат родителите на родителски состанок на паралелката. Советот на родители изготвува програма, со чија реализација се овозможува организирано остварување на интересите на учениците во училиштето. Овој совет ќе заседава најмалку два пати во полугодие по претходно утврден дневен ред. Претседател на Советот на родители е Слаѓана Џангаровска.

Во текот на учебната година како и претходната се планирани приемни и отворени денови на кои што родителите имаат можност подетално да се информираат за постигнувањата кај секој наставник поединечно.

21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите имаат можност да дадат свој придонес во насока на унапредување на воспитно-образовната работа на училиштето така што заедно со наставниците ќе планираат и релизираат наставни часови од одредни теми блиски за нив и во согласност со нивната стручна подготовка, ќе учествуваат во организирање на разни работилници, трибини и дебати, ќе помогнат при набавка и обновување на нагледни и технички средства, помагала и материјали.Училиштето има воспоставено механизми за редовно прибирање повратни информации од семејствата во насока на подобрување на квалитетот нанаставата.

Во активностите во училиштето

Училиштето планира и овозможува вклучување на родители во одделни сегменти од воспитно-образовниот процес (здравствена заштита, почитување и прифаќање на различностите, меѓуетничка интеграција, професионална ориентација, јавна и културна дејност, претприемништво...).Оваа година родителите ќе придонесат и за поуспешно реализирање на разни воннаставни активности, натпревари, екскурзии, забави за учениците, приредби, хепенинзи, работни акции, промоции и други манифестации.

Во донесување одлуки

Во учебната 2025/26 година се планира да продолжи соработката со Советот на родители каде секое одделение има свој преставник во сите сегменти на воспитно образовниот процес . Советот на родители ќе партиципира во давање идеи, предлози и донесување на одлуки во интерес на наставно воспитниот процес во училиштето.Ќе учествува во комисии каде се одлучува избор на агенции за изведување на екскурзии,составува мени за исхрана на учениците по касап систем.Со својте претставници во Училишен одбор учествува во донесување на годишната програма за работа на училиштето,програма за екскурзиите и други слободни воннаставни активности,донесува правилници и статут научилиштето.

Програмата за соработка на основното училиште со родителите/старателите е дадена во Прилог број. 32 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026 година.

21.3. Едукација на родителите/старателите

Училилиштето редовно ги известува и едуцира родителите преку фејсбук и веб страната, соопштенија, брошури, флаери и слично. Стручната служба овозможува и секојдневно обавува советодавно-консултативни разговори со родителите, советувања на родители при што со одредена целна група врши едукација на родителите на ученици кои имаат слаб успех, голем број изостаноци или покажуваат асоцијално и несоодветно однесување. Советувањето на родителите е облик на едукација на семејството според програма од МОН и ја реализира училишниот социолог .

Едукацијата на семејството се прави и на родителски средби со теми кои ги реализираат одделенските раководители според условите и потребите на паралелката.

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно консултативни работилници, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.

Во учебната 2025/26 година се планира да се организираат едукативни работилници за родители, за одредени активности и теми кои се реализираат во нашето училиште.

Изработка на брошура за родители

Со почетокот на учебната година училиштето изготви Училишен информаторза целокупната работа во училиштето и брошура која ќе им биде доставена на родителите од прво одделение и претставниците на Советот на родители.

Советот на родители се грижи за обезбедување на средства за ученици кои се социјално загрозени како и за други работи кои се од интерес за училиштето, а пред се на учениците.

Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците. Успехот, поведението и редовноста на учениците ќе се разгледува најмалку на секои три месеци, за што Советот ќе дава свои заклучоци и предлог мерки, за подобрување на истиот.

Програмата за работа на Советот на родители е дадена во Прилог број. 6 од Прилозите на годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026година.

22.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Локална заедница

Училиштето е во постојана соработка со локалната заедница и учествува во различни активности. Училиштето ги отсликува културните вредности на локалната заедница, тие се видливи и се дел од училиштето. Подрачјето за соработка со локалната самоуправа има за цел да се идентификуваат прашања и проблеми од заеднички домен и да се реализираат активности на неколку нивоа: ┌ учество во одбележување на настани од локален карактер;

- присуство на претставници од општествени, културни, здравствени, социјални установи во одбележувањето на Патронатот на училиштето;
- преземање на активности со соодветни институции на локално ниво во општината;

-збогатување на воспитно -образовната работа како резулат од искористување на можностите на институциите од областа на културата, спортот и сл;

-организирање на заеднички културно -уметнички,образовни спортски и други манифестации со другите училишта од општината;

-збогатувањена воспитно -образовната работа како резулат на размена на знаења , мислења и искуства со наставниот кадар од другите училишта од општината;

-Училиштето со локалната заедница воспоставува усна, пишана и електронска комуникација, се предвидуваат состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето.Се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности,комуникација со медиуми и др. Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво -

Институции од областа на културата

- Училиштето ќе воспостави комуникација со институции од областа на културата: библиотеки, музеи, театри, кино-сали и друго. Учениците ќе учествуваат на литературни, ликовни конкурси, ќе реализираат посети на културно-историски споменици, музеи, изложби и слично. Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси за учество во проекти и натпревари на кои ќе учествуваат учениците под менторство на наставниците и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културноисториски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.

Институции од областа на образованието

- Се планира соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, други основни и средни училишта и факултети и др. Во соработка со другите училишта и оваа година планираме да ја продолжиме досегашната соработка со основните училишта во општината и пошироко. Соработката на спортските активности и натпревари на општинско, регионално и републичко ниво е исто така планирана активност за соработка со други училишта. Помошта која ни е потребна при стручно усовршување на наставниците, планираме да ја побараме од стручните соработници, самостојните советници при БРО и МОН.

Невладини организации

- Училиштето ќе соработува со невладини организации на реализација на проекти одобрени од локалната заедницаСе планира соработка со невладините организации со кои ќе соработува училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др.

Спортски друштва

- Училиштето ќе соработува со фудбалски, ракометни, атлетски, кошаркарски, и др. спортски друштва кои ќепројавата интерес. Училиштето ќе продолжи да соработува со спортски клубови во кои членуваат наши ученици. ***Здравствени организации***

- Училиштето ќе соработува со одредени здравствени организации заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците и вработените, пр. медицински центар, центар за социјални грижи, фонд за здравство, осигурителни компании(осигурителните компании се на доброволна база) и др. Заради грижа за здравјето и безбедноста на учениците училиштето ќе соработува со Поликлиниката Чаир, Институт за јавно здравје, Црвен Крст , Фондот за здравство, Осигурителна компанија за осигурување на учениците. Во соработка со Институтот за јавно здравје и други здравствени организации ќе се организираат едукативни предавања. Со невладината организација „Хера“ — од областа превенција од користење на наркотични средства и од областа на хумани односи меѓу половите.

Медиуми

- Сите активности и настани кои се случуваат во училиштето ќе се промовираат во соработка со дневниот печат и медиумските куќи.Училиштето ќе соработува со одредени локални ТВ станици, локални радиостаници, весници и др., Училиштето ќе одреди лице за контакт со медиуми кои ќе има за задача да формира тим и да организира настани и нивна промоција пред медиумите и јавноста - училшни флаери (за постигања, упис на првачиња, училишен весник итн.) Со цел промоција на училиштето преку пишани и електронски медиуми редовно ќе се информира јавноста за сите активности поврзани со реализација на програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем. Како и изминатите години така и оваа учебна година училиштето ќе остварува плодна соработка со Македонската телевизија учествувајќи во нивните училишни емисии. Во училишниот хол ќе се постави еко пано преку кое ке се информираат учениците, наставниците, останатите вработени, родителите и сите оние кои го посетуваат училиштето за сите активности кои се реализираат во нашето училиште. На web страната од училиштето ќе се објавуваат сите активности поврзани со различни проекти.

Програмата за соработка со локална средина и локална заедница е дадена во Прилог бр.33, Програмата за грижа за здравјето на учениците е дадена во Прилог бр.34, а Програмата за јавна и културна дејност на училиштето е дадена во Прилог бр.35 од Прилозите на Годишната програма на училиштето за учебната 2025/2026 година.

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Приоритетни подрачја за следење	Начин и време на следење	Одговорно/ни лице/ца	Кој треба да биде информиран за следењето
Унапредување на професионалниот и кариерниот развој на воспитно –образовниот кадар	Обуки Семинари Конференции Анкети Извештаи Записници **Учебна 2025/26 год.**	Тимот за професионален развој	Директор
Поактивно вклучување на учениците, ученичкиот парламент,ученичкиот правобранител во работата на училиштето	Анкети Чек листи Работилници Извештаи Запсиници **Учебна 2025/26 год.**	Директор Стручна служба наставници	Директор Надлежни институции
Обезбедување на технички средства за подобрување на условите за работа	Анкети Чек листи Работилници Проектни активности Извешти Записници **Учебна 2025/26 год.**	Директор Стручна служба Наставници Родители	Надлежни институции

Промовирање на работа на училиштето и неговата инклузивна пракса во локалната средина	Флаери Јавен настан за Извештај Записници **Учебна 2025/26 год.**	Директор Стручна служба Наставници	Надлежни институции

28. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Активност	*Носител*	*Начин на спроведување (ресурси)*	*инструменти*	*Очекувани резултати*	*Одговорно лице*	*Временска рамка*
Индивидуализирани и модифицирани програми за ученици со ПОП	Училишен инклузивен тим Специјален едукатор и рехабилитатор	Чек листи Опсервации Прашалници Анегдотски белешки ИОП, МНП	Протокол за следење на планирањата на наставниците	Изработени индивидуализирани и модифицирани програми	Педагошко-психолошка служба наставници Специјален едукатор и рехабилитатор	Учебна 2025/26 година
Ученички екскурзии	Тим за ексурзии	Училиштен тим и туристичка агенција	Програма за екскурзии, извештаи, фотографии	Запознавање со културни знаменитости	Директор	Второ полугодие
Ученички парламент	Библиотекар /социолог	Извештаи, записници	Записници, извештаи, фотографии	Вклучување на учениците во работата на училиштето	социолог	Учебна 2025/26 година
Црвен крст	Одговорно лице за Црвен крст	Хуманитарни акции, предавања, работилници, активности	Записници, извештаи, фотографии	Едуцирање на учениците и подигнување на свеста за хуманост	Одговорен наставник за контакт со Црвен крст	Учебна 2025/26 година

Следење и поддршка на оценувањето	Стручна служба	Педагошка документација Критериуми за оценување	Извештај од прегледани дневници	Усогласеност на оценувањето со стандардите	Стручна служба	Учебна 2025/26 година
Ученички натпревари	Наставници	натпревари (општински, регионални, државни,	Ранг листи Правилник за награда и казна	Афирмација на училиштето и поттикнување на натпреварувачки дух	Наставници	Учебна 2025/26 година

		меѓународни) конкурси, проекти				
Ученички акции	Наставници	Работилници, Манифестации, штандови	Извештај, фотографии	Развиена хуманитарна свест	Стручна служба, наставници	Учебна 2025/26година
Превентивни програми	Наставници	Предавања, работилници	Извештај, фотографии	Познавања на своите права, препознавање на насилничко однесување	Стручна служба, наставници, родители, локална средина, институции	Учебна 2025/26 година
Профеионална ориентација	Наставници ,класни раководители ,социолог	Работилници, презентации, тестови за професионална ориентација	Флаери, постери	Правилен избор на средно образование	Стручна служба и одделенски раководители	Учебна 2025/26 година
Безбедност во училиштето	Директорот Стручна служба Наставници	Состаноци и практични вежби	Анкетни листови	Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди	Директор Стручна служба, наставници, институции	Учебна 2025/26година

Позитивна социо-емоционална клима	Наставници, ученици, родители	Работилници	Работни листови	Да согледаат дека без меѓусебна поддршка и соработка нема другарство	Наставници	Учебна 2025/26година
Грижа за здравјето	Наставници и ученици	Предавања Работилници презентации	Работни листови, презентации	Грижа за здравјето, превенција	Наставници Професионални лица	Учебна 2025/26година
Естетско уредување	Наставници, технички персонал	катчиња изложби	Истражување визуелно изразување	Пријатен простор за работа	Наставници, ученици	Учебна 2025/26 година
ЕКО активности	Одговорно лице за ЕКО – активности	Работилници, презентации	Анкети	Подигање на ЕКО свеста	Наставници	Учебна 2025/26 година
Слободни ученички активности	Наставници	Реализирани активности	Одделенски дневници, анкети	Продлабочув ање на знаењата на учениците	Наставници	Учебна 2025/26 година
Мултикултурализам	Наставници	Интернет, учебници, енциклопедии и друг пишан материјал	Флаери, хамери, постери, трудови	Почитување на другите и намалување на предрасудите	Наставници	Учебна 2025/26 година
Професионален развој	Тим за професионален развој	Презентации, практични вежби	Портфолио Досие	Запознавање со текот на работата на тимовите	Тим за професионален развој, наставници	Учебна 2025/26 година
Вклученост на семејството во работата на училиштето	Наставници, директор, стручна служба	Анкетен лист, брошура	Работни листови	Подобрување на училишната клима	Стручна служба, наставници, родители	Учебна 2025/26 година

Комуникација со јавноста и промоција на училиштето	Стручна служба Наставник за комуникација.	работилници, трибини, посети	извештаи	промовирање, подобрување на условите за работа	Педагошко водство, тим за комуникација со јавноста, ученици, наставници	Учебна 2025/26 година

29. Заклучок

Изготвувањето на годишната програма за работа на училиштето има нормативна основа која е предвидена со Законот за основно образование, Законот за локална самоуправа, како и Статутот на училиштето. Програмата е документ кој ги содржи сите важни информации за работата на училиштето и остварувањето на целите за работа во учебната 2025/2026 година. Таа писмено ја изразува ангажираноста на училиштето во остварувањето на дејноста на училиштето. При изготвувањето земени се во предвид реформските промени со новата Концепција, подигањето на стандардите, планираните подрачја и приоритетни активности предвидени со годишната програма за работа, значајните настани, обезбедувањето транспарентност во реализација на планираните активности, како и желбата да се унапреди воспитно- образовниот процес.

Информациите во програмата се методолошки и хронолошки подредени според Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште член 4, 6 и 14 изготвен од МОН со Бр.08-3714/3 29.5.2024 година.

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОПШТЕСТВЕНО-ЈАЗИЧНИОТ АКТИВ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА .

Одговорен наставник: Александра Ѓаковиќ
Општествено-јазичен актив ***План за работа:***

планирани активности	Време на реализација	Цели и исходи
ПРВО ПОЛУГОДИЕ		
Донесување на програма за работа на јазичниот актив за учебната 2025/26 Договор за формирање на секции или јазичен клуб и изработка на програма за работа на истите Усогласување на програмите и планирањата за учебната 2025/2026 Подготовка и изработка на годишните планирања според новите наставни планови. Подготовка и изработка на тематските планирања	Август	Анализа на работата од минатата година при што се носат заклучоци и предлози за измени на понудената програма Донесување на програма на стручниот актив
Усогласување, подготовка и изработка на критериумите и инструментите за оценување Планирање на посети на семинари, обуки, конференции	Септември	Усогласување на критериумите за следење и оценување на постигнувањата Професионален развој на наставниците
Реализација на слободните ученички активности, *Денови на странски јазици во споредба со македонскиот јазик*	Септември	Развивање интерес кај учениците по мајчин јазик и странски јазици. Ангажирање на учениците во воннаставни ученички активности
Разгледување на дигитални алатки и едукативни портали за реализација на наставата по македонски јазик и странски јазици; Разгледување на платформи за интерактивни часови и асинхроно учење	октомври / март	Поуспешна реализација на наставата преку асинхроно учење
Презентација и анализа на отворен час	Прво полугодие	Анализа на час и размена на идеи за подобрување на реализацијата

┌ Анализа за реализацијата на додатна и дополнителна настава Анализа на успехот и поведението на првото полугодие. Предлози за подобрување на на успехот ┌ Евентуални дисеминации од посетени конференции,семинари, обуки итн. Подготовка за училишни, општински, регионални и државни натпревари	Јануари / Февруари	Евалуација на работата на активот и предлог чекори за подобрување на истата

Второ полугодие		
┌ Презентација и анализа на отворен час	Второ полугодие	Анализа на час и размена на идеи при реализација на часовите
┌ Работни средби на членовите на активот – договарање и дискусија за тековната работа ┌ Извештај од меѓусебно посетените часови и заклучоци ┌ Извештај од евентуалните одржани семинари и советувања	тековно	Подобрување на квалитетот на наставата по македонски јазик и странски јазици
Посета на семинари и вебинари по македонски, англиски и германски јазик што ќе бидат организирани во текот на учебната 2025/2026 година	тековно	Професионален развој на наставниците и подобрување на квалитетот на наставата
Презентација на стручна тема (по посета на настан од ┌ професионален развој)	тековно	Подобрување на квалитетот на наставата по странски јазици
Евалуација на работата на активот ┌ Анализа на постигнатите резултати од работата на секциите и активности од разни натпревари Изработка на извештај за работата на стручниот актив	Јуни	Анализа на работата на активот и изработка на план за евентуално подобрување на истата

Забелешка: Распоредот на реализацијата на предвидените планирани активности на јазичниот актив е флексибилен со цел да се постигнат максимални резултати кои би биле корисни за поголемиот број на членовите на активот.

Прилог 10. Програма за работа на училишниот инклузивен тим

Цели:

- Вклучување на учениците со ПОП во редовна настава.
- Индивидуализирана поддршка на учениците со ПОП од страна на учениците, наставниците и стручната служба.
- Зголемена активност и вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби во училиштето.
- Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите и потребите на секој ученик.

План на активности за работа со деца со посебни образовни потреби за учебна 2025/2026 година

ЗАДАЧА	АКТИВНОСТ	ВРЕМЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА	НОСИТЕЛ	НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ (РЕСУРСИ)	ИНСТРУМЕНТИ	ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ	ОДГОВОРНО ЛИЦЕ
Работа со ученици со ПОП	Изработка на годишна програма за работа и акциски план	Август 2025	УИТ	Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето	Правилник за работа на училишниот инклузивен тим	Успешно планирање и реализирање на програмите за инклузивно образование	Член од УИТ

Идентификација на ученици со ПОП	Увид во досиејата на учениците со ПОП запишан во 1 одделение. Консултации со: -родител, наставници и раководител -Стручно тело за проценка -О.У. со ресурсен центар и центрите за поддршка на учењето.	Септември 2025	Наставници УИТ	Консултации, процедура за следење и изработка на ИОП и модифицирана наставна програма	Барања	Евиденција на ученици со ПОП и изградена соодветна стратегија за работа со нив	Член од УИТ
Запознавање на предметните наставници од 6 одд. со учениците со ПОП кои	Размена на искуства меѓу одделенските и предметните наставници за работата со овие	Август 2025	Стручни соработници, Одделенски и предметни наставници	Состанок	Евидентен лист за следење досие на ученик	Соодветна прифатеност на учениците со ПОП што преминуваат во 6 одд.	Член од УИТ

преминуваат од одделенска во предметна настава	ученици						

Изготвување индивидуален образовен план и модифицирана програма	-Изготвување на ИОП (долгорочен, среднорочен и краткорочен) за учениците со ПОП. -Изготвување на модифицирана програма за ученици со комплексни потреби. -Ревидирање на ИОП и модифицираната програма (форма, содржина)	Континуирано	Наставници стручни соработници и родители	- Годишна програма за соодветното одделение - Мислење /функционален профил од Стручно тело за функционална проценка	- Формулар за ИОП - Формулар за модифицирана програма	Успешно прилагодена програма за учениците со попреченст и со комплексни потреби	Член од УИТ
Континуирана подршка на учениците со ПОП	Разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители. - Консултативни разговори со стручните лица од стручно тело за функционална проценка и од ОУ со ресурсен центар и центрите за подршка на	Во текот на учебната година	Стручни лица, стручни соработници , одделенски раководители, родители / старател, ученици	Стручна литература и Биро за развој	Досие на ученик со ПОП	- Подобрување на постигањата. „Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница”. - Зајакнување на родителските вештини и капацитети	Член од УИТ
	учењето. - Советодавно консултативна работа.						

Следење на активностите и постигањата на учениците со ПОП	- Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците со ПОП - Ревидирање на ИОП и модифицирана програма	Тековно	Стручни соработници, одделенски и предметни наставници	Евидентни листови за оценување.	Евидентен лист за следење на учениците според ИОП и Модифицирана програма	- Процена на постигнувања та - Вклучување на овие ученици во групна работа и воннаставни и вонучилишни активности	Член од УИТ
Подобрување на инклузивната политика	Поддршка на наставниците да работат преку соработка, интеракција и решавање проблеми.	Во текот на учебната година	Стручни соработници, наставници	Консултативно -советодавна работа (средби за поддршка)	Посета на часови, опсервација, разговори и сл.	Постигање на планираните цели во воспитно - образовниот процес на децата со ПОП.	Член од УИТ

Членови на тимот:

1. Сузе Велковска Радевска - директор
2. Гордана Чанговска – социолог
3. Ана Радосављевиќ - специјален едукатор и рехабилитатор
4. Кристина Јаневска – одделенски наставник
5. Гордана Велкова – предметен наставник
6. Весна Пешевска - родител
7. Даниела Џепиќ – родител

Прилог 11. Програма за работа на училишниот хор и оркестар

ЦЕЛ: Целта на УЧИЛИШНИОТ ХОР е учениците да ги прошират знаењата и способностите во областа на музиката за која покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет, Учениците се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на вокални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да се развиваат творечки способности, етички и естетски вредности;

- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на хорските композиции;
- да развива способност за индивидуално вокално интерпретирање и да ги почитува дадените упатства на диригентот / менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на хорска активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и културата;
- да развива љубов и способност за вокална интерпретација и запознавање со културата на другите народи.

Структуирање на содржините

ДЕЛА ЗА ОБРАБОТКА	**Конкретни цели** Ученикот треба:	**Дидактички насоки** Наставникот треба:	**Време на реализација**
Аудиција	• да е музикален; • да има чист глас; - да поседува соодветен тонски распон на гласот; - да демонстрира една песна по свој избор	- организирање на целосна аудиција (формирање на нов хор); -распејување; -колективно пеење; -поединечно преслушување; -нотен запис на народната песна „Билјана платно белеше“ како најдобра заради дијапазонот (децима); - реаудиција на новопримени хористи/членови	- септември -во текот на цела учебна година
Основи на вокалната техника	-да демонстрира правилна положба на телото за време на пеењето; - да дише правилно;	• објаснува за основните елементи на вокалната техника; • објаснува и демонстрира вежби за распејување; • објаснува за значењето на вокалната техника и функционирање на фоноторните органи;	• септември • октомври • во текот на целата учебна година

	• да применува вежби за дишење; • да демонстрира распејување	• објаснува за внатрешен слух; • дискутира за пеењето со образложение дека тоа не е само физиолошка туку и интелектуална дејност, а потребно е и емоционално доживување на тоновите за да можат да допрат до свеста и душата на слушателот	
,,Вечно движење"- Ф.Шуберт (тригласен канон)	-да дискутира за карактерот на композицијата; - да дискутира вокална интерпретација на канонот	-објаснува за поимот канон и начинот на изведба	-октомври, ноември
Обавезна композиција за натпревари Новогодишни Песни,, Тивка ноќ”	• да објаснува за текстот • да дискутира за карактерот на композицијата, интерпретација	-објаснува за карактерот на песната	-ноември -декември -јануари
,,Siyahamba"африканска народна	- да дискутира за формата на композицијата; - да се приспособува за интерпретација;	-објаснува за начинот на исполнување на композицијата;	-јануари -февруари -март
Композиции за патронен празник	- да ја идентификува композицијата; - да дискутира за карактерот на композиција;	• објаснува за изборот на композициите; • го анализира текстот на композициите; • објаснува за карактерот на песните и начинот на исполнување	-февруари - март
,,Дафино вино црвено" (тригласна композиција)	- да дискутира за карактерот на композиција; - да објаснува за текстот	• објаснува за карактерот на композицијата; • објаснува за начинот на интерпретација	- мај

Програма за работа на училишниот оркестар ЦЕЛ: Целта на УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР е учениците да ги прошират знаењата и способностите од областа на музиката за кои покажуваат посебен интерес, определба и сензибилитет. Учениците да се оспособуваат за соработка и колективен однос во заедничка презентација на инструментални дела во училиштето и надвор од него.

Посебни цели:

- да создава навики за редовност и точност;
- да се развиваат творечките способности, етички и естетски вредности;
- да развива колективен интелектуално-емоционален и креативен однос кон интерпретацијата на инструментални композиции;
- да развива способност за колективно инструментално интерпретирање;
- да ги почитува дадените упатства на диригентот/менторот;
- да ги проширува теоретските знаења во областа на историјата на музиката;
- да ги проценува вредностите на музичките дела преку анализа;
- да открива нови можности за примена на инструментална активност во синтетизираните уметности или мултимедијален проект;
- да учествува на разни видови настапи (во училиштето, локалната средина и др.);
- да соработува со други лица од културата, институции, стручни организации од областа на уметноста и кулурата;
- да развива љубов и способност за инструментална интерпретација и запознавање со културите на другите народи

Структуирање на содржините

ДЕЛА ЗА ОБРАБОТКА	**Конкретни цели** Ученикот треба:	**Дидактички насоки** Наставникот треба:	**Време на реализација**
Аудиција	- да е музикален и има чувство за ритам; -да поседува способност за инструментална интерпретација; -да демонстрира една песна по свој избор; - да го воочува времетраењето на нотите и	• да организира аудиција (формирање на оркестарот); проверување на знаењата од областа на основите на музичката писменост; • презентација на ритмички вежби; • презентација на мелодиски вежби	- септември -во текот на цела учебна година

	паузите и нивната местоположба во петолинието; -да пее мелодиски вежби		
ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ДЕТСКИ ОРФОВИ	• да памти за поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски);	• презентира (визуелно) ДМИ; • објаснува за поделбата на ДМИ (ритмички и мелодиски); -демонстрира	септември, октомври
ИНСТРУМЕНТИ (почетници)	• да препознава ДМИ по нивна звучност од други видови на инструменти; • да дискутира за секој инструмент од групата на ДМИ	аудио/видео снимка со ДМИ и друг вид на инструменти; -објаснува за ДМИ (секој инструмент поодделно/составни делови); • демонстрира слики од ДМИ	
ВИДОВИ НА БЛОК ФЛЕЈТИ (почетници) ***Менует, Железница, Boby Shafato (англиска композиција***	• препознава видови на блок флејти; • ја идентификува сопран флејтата; • памти за начинот на чување и одржување на блок флејта; • демонстрира вежби за дишење; • демонстрира правилен начин на држење на блок флејта; • демонстрира вежби за секој тон (сол; ми; сом-ми; фа; сол-фа-ми; до; сол-фа-ми-до; ре; до-ре-ми-фа-сол; ла; до2; си);	• демонстрира видови на блок флејти; • објаснува за СОПРАН блок флејта; • објаснува за начинот на одржување на блок флејта; • презентира правилен начин на дишење • презентира начин на произведување на тон; • објаснува преку соодветни вежби начин на добивање на секој тон; • објаснува за карактер и форма на композиции наменети за орфови состави	-октомври ноември

Од новиот свет- ***А.Дворжак*** ***Новогодишни композиции***	- да демонстрира правилна интерпретација на композиции со различен карактер; -јавен настап	- објаснува карактер на композициите и начинот на нивна изведба	-ноември -декември -јануари
Композиции за натпревар / Обавезна композиција	• да демонстрира правилна интерпретација; • индивидуална и групна презентација	• објаснува за начин на изведба; • демонстрација интерпретација на композициите	-јануари -февруари -март
Композиции за патронен празник	• да демонстрира правилна интерпретација; • индивидуална и групна презентација	-објаснува за начин на изведба; - демонстрација интерпретација на композициите	-февруари - март
Композиции по слободен избор на учениците	• да дискутира за карактерот на композицијата; • да демонстрира правилна интерпретација; • индивидуална и групна презентација	• објаснува за карактерот на композицијата; • објаснува за начинот на изведба	- мај

Организација на хорската и оркестарската настава

Часовите по ХОР / ОРКЕСТАР ќе се организираат во текот на целата учебна година, а неделниот фонд е според тежинското ниво на композициите по 3 часа седмично. Во училишниот хор / оркестар можат да членуваат ученици од VI, VII, VIII и IX одделение, според интересот и гласовните / техничките можности на учениците. Времето на реализација ќе биде по редовната настава. Поради специфичноста на активностите времето на реализација ќе се организира според просторните можности на училиштето и можностите на учениците. Резултатите ќе се презентираат на активностите во училиштето и Хорските и Оркестарските смотри/ натпревари кои се реализираат секоја учебна година, како и за потребите на локалната средина и пошироко за разни културно-уметнички пригоди. Наставни методи и активности Во остварувањето на целите на училишниот ХОР/ОРКЕСТАР ќе се применуваат следните наставни форми:

истражувачка, проблемска, фронтална, групна, индивидуална и др., а од методите ќе се користат: разговор, дискусии, практична работа, демонстративна и други методи. Во работата ќе доминира иницијативноста,

самостојноста, креативноста, слободно изразување на индивидуалните чувства преку вокална презентација. Ќе се соработува и со разни културно-уметнички институции и уметници кои ќе бидат гости во училиштето каде ќе може да се презентира професионален начин на хорска / инструментална интерпретација.

Просторни и материјално-технички услови за работа

Наставата по ХОР/ОРКЕСТАР ќе се реализира во наменски кабинет по Музичко образование опремен со соодветни помагала, инструменти и стручна литература.

Настапи: Училишниот ХОР/ОРКЕСТАР ќе настапува на сите културно-уметнички манифестации предвидени во Програмата на училиштето и општината. Истотака ќе учествува и на хорските и оркестарските смотри/натпревари организирани од страна на БРО и Здружението на музички педагози на Р.Македонија.

Прилог 12. Програма за организирање на заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител

Програма за организирање на заедница на паралелка

Планирани активности (содржини)	Цел	Реализатор	Време за реализација	Исходи и ефекти
-Избор на престедател на паралелка -Избор на заменик претседател -Избор на постојани и привремени тела во паралелката	Организирано остварување на интересите на учениците	Сите ученици во паралелката	Септември	Заедничко одлучување за прашања поврзани со учењето, престој во училиштето, меѓусебни односи, односи со возрасните во училиштето

-Процедура за избор на претседател на заедницата на парелката/ заменик-претседател	-Информирање на учениците за процедурата за избор на претседател -Пријавување на кандидатите - Презентирање на критериуми за избор на претседател/зам. претс Интервју на пријавените кандидати -Избори организирани од страна на комисија од три ученици	Одделенскиот на раководител паралелката учениците паралелката	Прв одделенски час Втор одделенски час Трет одделенски час	-Претседателот на заедницата се избира со мандат од една година -Двете функции ги извршуваат ученици од различен пол -Мотивационо писмо на кандидатите -Конституирање на телата во паралелката
Функционирање на заедницата на паралелката	-Свикување на состаноци од страна на претседателот на заедницата -Изготвување на план за работа	Претседател на заедницата на паралелката	Минимум еден состанок во месецот во текот на учебната година	-Претставување на учениците во ученичкиот парламент Информирање за ученичкиот парламент -Организирање расправии на конкретни прашања -Родителски средби -Мирно решавање на споровите во паралелката - Соработка со другите претседатели -Соработка со комисиите Учествува во работата на ученичкиот парламент

План за работа на ученичкиот парламент

За организирано остварување на интересите на учениците во нашето училиште, учениците се организираат во ученички парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките во едно училиште.

Планирани активности (содржини)	**Цел**	**Реализатор**	**Време за реализација**	**Исходи и ефекти**
Избор на претседател на ученичкиот парламент на конститутивна седница,по пат на тајно гласање	-Кандидатура (со пријава до директорот на училиштето) за претседател на парламентот Презентирање на кандидатите пред членовите	Директор на училиштето и претставниците на парламентот	Септември – последна недела	-Застапување на интересите на сите ученици во училиштето - Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање
Избор на претставници од училишната заедница во училишен одбор,наставнички совет и совет на родители	Учество на претставниците на седниците на Училишниот одбор(без право на глас)-двајца претставници	Претставниците на парламентот	Септември Континуирано	Претставниците на училишната заедница се избираат со тајно гласање од ученичкиот парламент, кое се спроведува на почетокот на секоја учебна година. Го изразуваат своето мислење, дискутираат за проблеми и предлагаат решенија за подобрување на училишниот живот

-Избор на заменик – претседател, секретар на ученичкиот парламент -	Помош во работата на претседателот на парламентот	Директор на училиштето и претставниците на парламентот	Септември – последна недела	-Изработка на предлогпрограма за работа на ученичкиот парламент -Подготовка на материјали за седниците на ученичкиот парламент
Седници на ученичкиот парламент	-Свикување на седниците по писмен пат	Претседател на ученичкиот парламент	Во текот на учебната година	-Застапување и промовирање на правата и интересите на учениците - Учество во подготовката на годишната програма -Дава предлози за воннаставни активности -Организира и учествува во хуманитарни акции, еколошки активности

План за работа на ученичкиот правобранител

Ученичкиот правобранител е ученичка функција и должност со задача промовирање, поддршка и заштита на детските права во училиштето.

Планирани активности (содржини)	**Цел**	**Реализатор**	**Време за реализација**	**Исходи и ефекти**
Избирање на ученик правобранител и заменик (според постапката за избор на ученик правобранител)	Избор на ученик правобранител и заменици и запознавање со процесот на воведна обука на избраните ученици	Сите членови од ученичкиот парламент	Октомври 2 недела	Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

Прибирање поплаки од ученици за прекршени детски права и доставување до стручна служба тековно цела година со одреден ден и недела во месецот	Повреда и прекршување на детските правата	Ученичкиот правобранител и замениците	Континуирано	Заштита од прекршување и повреда на детските права Превземање соодветни мерки
Работилница ,Дефиниција на дете,, (Прирачник- Правата на детето)	Воочување на сличностите и разликите меѓу децата и возрасните	Ученици, наставници	Ноември	Стекнати знаења за сличности и разлики помеѓу децата и возрасните и воочување на правата на децата
Инфо ден-право на одмор,забава и разни слободни активности	Да се стекне сознание дека имаат право на учество во уметничкиот живот и личен избор на видови забава	Деца, родители, наставници,граѓани од локалната средина	Декември	Задоволување на личниот интерес на различни полиња
Организирање на трибини со различни тематики – дебати – (предлог тема: Заштита на децата без родители или дете со родител со низок социјален статус и дете со посебни потреби	Да се подигне нивото на будност за помош и заштита на ранливи категории на деца (деца со посебни потреби)	Ученици, надворешен стручен соработник-социјален работник	Јануари	Дискусија и дебата на темата, правилно информирани ученици за сосодветна грижа и заштита на децата без родители и низок социјален статус и ПОП
Детектирање на насилни однесувања од поедини ученици во училиштето и изработка на кодекс за однесување против насилството односно за заштита од истото	Да се намалат и спречат појави на насилно однесување кај учениците и да се детектираат проблемите	Ученици, стручна служба, наставници	Февруари	Намалени појави на насилно однесување кај учениците и детектирани проблеми

Работилница ,,Слобода на здружување,, (од Конвенцијата за правата на децата)	Да научат да ги идентификуваат заедничките интереси, изнаоѓање на заеднички јазик и мултикултура	Ученици, наставник	Март	Начини за остварување на ова право
Работилница,трибина и дебата Граница на казнување	Почитување на достоинството на детето и незагрозување на неговиот живот и здравје	Гостин родител познавач на правото или соработник од Детската амбасада Меѓаши	Април	Стекната самодоверба и самокритичност за одредување санкција со тежина на стореното дело
Дискусија на тема –Право на заштита од насилство и негрижа	Стекнување свесност за малтретирањето, нечовечкото и понижувачко однесување, лошото лично однесување	Стручна служба, ученици, социјален работник	Мај	Стекната едукација за заштита од насилство или малтретитање

Прилог 13.Распоред на часови

-ќе се вметне кога ќе биде изготвен

Прилог бр. 14: Акциски планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истажувања

1. Интеграција на еколошката едукација во образовниот систем на училиштето
Координатор на проектот „Еко-училиште“ - Предметен наставник: Благица Гогова

Цели: Воведување на еколошкото образование во воспитно образовниот процес;

Подобрување на условите за престој и работа во училиштето;

Поттикнување на учениците и вработените да размислуваат и да дејствуваат еколошки.

Задачи: Исполнување на 7-те чекори од програмата за Еко училиште;

Интеграција на еколошката едукација во сите предмети во одделенска и предметна настава;

Изработка на еко проекти;

Одбележување на значајни еколошки датуми од приложениот еколошки календар.

Еколошки календар

16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Ден без автомобили (No Car Day)
26 септември	Ден на чисти планини
4 октомври	Светски ден за заштита на животните (World Animal Welfare Day)
15 октомври	Меѓународен ден на пешачењето
16 октомври	Светски ден на храната (World Food Day)
2 февруари	Светски ден водените живеалишта (World Wetlands Day)
5 март	Светски ден на енергетска ефикасност
21 март	Ден на пролетта, ден на екологијата
22 март	Светски ден на водите (World Water Day)
7 април	Светски ден на здравјето (World Health Day)
22 април	Светски ден на планетата Земја (Earth Day)
15 мај	Меѓународен ден за заштита на климата (Climate Day)
31 мај	/ Светски ден на борба против пушењето (International No Tobacco Day

Ден на акција на еко-училиште - се реализира два пати во текот на една учебна година

АКТИВНОСТ	ОПИС НА АКТИВНОСТА	НОСИТЕЛИ	ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
Формирање на Екоодбор	-Формирање на Еко-одбор од претставници од училиштето: Наст. од предметна и одд. настава, ученици, претставник од локална заедница, родители	Директор Еко координатор	Мај

Анализа на состојбата на животната средина	Добивање на јасна слика за еколошката состојба на целото училиште и одредување на приоритети	Еко одбор - ученици	Мај
Подготовка на програмата и Правилник за работа	Идентификување и почитување на задачите и активностите кои можат да се прилагодат кон нашето училиште, со цел подобрување на животната средина	Еко одбор - ученици	Мај
Усвојување на програмата	Презентација на Наставнички совет и нивно усвојување	Директор Еко координатор	Април
Усвојување на правилникот	Усвојување на правилникот на првиот состанок на Еко одборот	Еко одбор	Мај
Интегрирање на еколошки теми во наставната програма	Реализирање на предвидените еко содржини на планираните интегрирани часови	Еко координатор наставници	Септември / Јуни
	- Именување на одговорен наставник - Формирање на еко-клуб од ученици од II-IX одд. кои покажуваат интерес за екологијата	Директор Одговорен на еко-клуб	Август / Септември
	Вклучување на ученици од IV-IX одд. во Еко-патроли. Секое одд. избира свои претставници во патролите кои се менуваат на две недели Запознавање на еко-патролата со задачите кои треба да ги реализираат	Одговорен на еко-клуб Ученици	Септември

	Да се изработи Еко-кодекс и истакне на еко огласна табла	Еко координатор Ученици	Септември
	- Одржување на чиста и здрава училишна средина - Уреден и еколошки двор во училиштето - Заштеда на вода и енергија	Ученици Еко одбор Еко-клуб	Септември
	На видно место каде учениците и посетителите ќе може да ги видат активностите на Еко-училиштето	Директор Еко координатор	Септември

	Да се одбележат значајните датуми од екологијата - **Еко календар** **16 септември** – Светски ден за заштита на озонската обвивка **22 септември** – Европски ден без автомобили **26 септември** – Светски ден за чисти планини **04 октомври** – Светски ден за заштита на животните **15 октомври** - Меѓународен ден на пешаците **16 октомври** - Меѓународен ден на храната **2 февруари** – Светски ден на водените живеалишта **05 март** – Светски ден на енергетската ефикасност **21 март** – Ден на пролетта, ден на екологијата **22 март** – Светски ден на водите **07 април** – Светски ден на здравјето **22 април** – Ден на планетата Земја **15 мај** – Меѓународен ден за заштита на климата **31 мај** – Светски ден против пушењето.	Наст. преку редовната настава Вработени Ученици Еко-клуб	Во текот на учебната година
	Презентација – Рационално користење на електричната и топлинската енергија во училишната зграда	**Еко одбор**	**Декември**

	Едукација на учениците за енергијата низ интеграција на наставните содржини во редовната настава и воннаставните активности	Ученици Наставници Еко координатор	Септември / Јуни

	Да се научат учениците и вработените на рационално трошење на енергијата и да се истакнат придобивките во однос на чување на природните ресурси на планетата и заштедата на финансиските средства	Вработени Ученици Родители	Декември Јануари Февруари
Креативно изразување за улогата на енергијата и зајакнување на интересот за нејзина рационална потрошувачка и зачувување на природната околина	Поттикнување на учениците и давање на подршка за осмислување и реализација на информативни пораки за штедење на енергијата во просториите на училиштето, со текстуални пораки, плакати, цртежи, флаери и сл..	Ученици, Наставници Вработени	Јануари Февруари
Еко-патрола	- Истражување - Следење на активностите, водење на дневник, белешки и давање на извештај до Еко-координаторот на крајот на секој месец	Еко-патрола Еко координатор	Во текот на учебната година
<u>Тема</u> ВОДА	**Презентација – Патот на капката вода**	**Ученици, Наставници Еко координатор**	**Март**
Да се спознае важноста на здравата питка вода за сите живи суштества, важноста од чување на изворите на вода	- Едукација на учениците низ интеграција на наставните содржини и запознавање на важноста на водата, нејзините својства, последиците од загадувањето и заштита	Ученици Наставници Еко координатор	Март

Натпревар на тема: Слушам, гледам и сликам вода	-Креативно изразување со различни сликарски техники	Ученици Наставници	Март
Контрола на екопатролата	-Рационално користење на водата за потребите на училиштето	Ученици Вработени	Во текот на учебната година

	-Наменско користење на водата за хигиената во училиштето		
<u>Тема</u> ОДРЖУВАЊЕ НА УЧИЛИШНАТА ЗГРАДА И ЗДРАВА СРЕДИНА ВО УЧИЛИШТЕТО	**Презентација – Како да го подигнеме нивото на хигината во училишната зграда**	**Директор Еко координатор**	**Ноември**
Поставување на потребен број на корпи за отпадоци во училиштето	Согледување и анализа на Екопатролите за потребниот број корпи што недостасуваат во училиштето и нивно поставување	Еко-патрола Еко координатор	Септември
Поставување на посебни кутии за стара хартија и контејнер за селекција на отпадот	-Собирање на стара хартија за рециклирање -Селекција на отпадот кој што се собира во училиштето	Ученици Вработени Родители	Во текот на цела година
Акција за собирање и селектирање на различен отпаден материјал	-Усвојување на основни знаења за рециклирање на производите -Поттикнување на учениците, наст. и родителите за собирање и класифицирање на производите на посебно означените места	Ученици Вработени Родители	Во текот на цела година
Преобликување на отпадот во украсни предмети и сл.	Рационално искористување на отпадните предмети во украсни предмети, кои ќе бидат изложени во Еко-катчето	Ученици Наставници Еко координатор	Декември / Април
Работилница- Важноста од рециклирање на стара хартија	Презентација- Важноста од рециклирање на стара хартија инејзино искористување	Директор Еко координатор	Октомври

Изработка на зиден весник	Претставување на текот на активностите на учениците на зиден весник во Еко-катчето	Еко-клуб Еко-одбор	Март
Уредување на училницата	Насочување на учениците за грижа на својата училница и поттикнување на Еко свест кај нив со поставување на цвеќе, одржување на чистотата и сл.	Ученици Одд. раководители	Во текот на учебната година

Контрола на Екопатролата	Оценување на чистотата во училниците и добивање место на зелениот дел на Еко огласната табла после анализите на крајот на секој месец	Директор Еко координатор	На крајот на секој месец во учебната година
<u>Тема</u> УРЕДЕН ДВОР	Презентација- Како да го средиме нашиот училишен двор да биде функционален и во согласност со потребите за заштита на животната средина	Директор Еко одбор	Март / Април
Да рециклираме креативно	Поставување на означени корпи за собирање на стара хартија, пластика и лименки во училишниот двор	Еко-клуб Еко одбор	Октомври
Активности во училишниот двор и околината	-Садење, вадење, поткопување, уредување на растенија и дрвца во училишниот двор -Поставување на куќички за птиците	Еко-клуб Еко одбор Вработени	Во текот на цела година
Изработка на украсни предмети од природни материјали	Изработка на хербариум, украсни предмети од природни материјали и поставување во Еко катчето	Еко-клуб Наставници, Ученици	Во текот на учебната година
Еко-патрола	-Чистење на училишниот двор според распоред даден на Еко-огласната табла -Следење на активностите, водење дневник, белешки и давање извештај до координаторот на крајот на секој месец	Еко-патроли	Во текот на учебната година
Изработка на Еко зиден весник- тема: Природа	Потенцирање на даровите што ни ги дава природата, нејзините реткости и како да ги сочуваме истите со наша грижа	Наставници Ученици	Март

Натпревар на тема: Нашиот училишен двор	Собирање на идеи во вид на цртежи, слики, презентации, видео материјали изработени од учениците	Ученици Еко-одбор	Октомври / Декември
Организирање акција и контакти со родителите, Локалната самоуправа и др. организации	Организирање на заеднички акции во уредувањето на животната средина во училиштето и Општината	Еко-одбор Директор Родители Организации	По договор и за одбележување на Еколошките денови
Изложба на изработените ученички работи	Покана до сите институции на изложбата на ученички творби	Ученици Еко-одбор	22 Април
Теренска настава и излети	- Кај учениците да се развие правилен однос кон природата - Собирање материјали, фотографии и сл.	Ученици Наставници	Според наставен план
Сликање на фотографии за натпреварот за најдобра фотографија	Избор на најдобра фотографија и претставување на здравата животна средина	Еко-одбор Еко-одбор	Мај
Промовирање на активностите на FacebookиWeb страната на училиштето	- Промовирање на сите активности од Еко-училиштето - Постојано ажурирање со нови информации, слики и активности	Одговорен наставник за одржување на страната	Во текот на цела година
Изработка на флаери	Информирање и вклучување на целото училиште во поширокатa заедница со активностите на Еко-училиштето	Директор Еко координатор Ученици	Ноември / Март
Евалуација на напредокот	Собирање информации за напредокот на активностите во училиштето и добивање на резултати а со тоа и можност за потребни прилагодувања на програмата за наредната година	Ученици Еко-одбор	Во текот на цела година

ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

Одговорен наставник: Ирена Јошевска

Реден број	Наставна единица	Број на часови	Време на реализација
1.	Причини и последици од корупцијата	2	Октомври
2.	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	1	Ноември/Декември
3.	Активна борба против корупцијата	1	Март/Април
4	Активна борба против корупцијата постери	2	Април/Мај
Вкупно	4 наставни единици	6 часови	

Вовед:

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување.

1.Општи карактеристики на проектот

Развојот на демократијата во Република Северна Македонија претставува заложба на граѓаните и власта, уште од почетокот на осамостојувањето и формирањето на современата македонска држава. Идеалот и стремежот е држава во која при исполнувањето на обврските и почитувањето на законите нема да бидат важни полот, верата, нацијата, професијата, возраста и други видови на разлики кои може да се појават, односно држава во која сите ќе бидат еднакви граѓани.

Демократијата и нејзиното приближување кон граѓаните е од суштествено значење за учениците, а какво општество ќе градиме е во зависност од тоа какво образование поседуваме. Низ процесот на образование учениците треба да ги осознаат и почитуваат принципите на развиеното демократско општество.

2.Општи цели на проектот

Програмата „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Целите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација, посветена на учениците од основните училишта, е тие да бидат запознаени со одредени поими, односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

Програмата за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта ќе опфати:

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;

в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;

г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;

д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;

ѓ) антикорупциска едукација на наставниците, коишто ќе го спроведуваат проектот во основните училишта, но и на оние коишто работат секојдневно со учениците;

3.Конкретни цели на проектот:

Ученикот/ученичката е потребно:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;
- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;

-да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

-да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

Конкретни цели и активности

Ред. бр.	Содржина	Цели	Активности	Време на реализација	Очекувани исходи	Одговорно лице

1	Предзнаења за корупција и антикорупција	Да се согледаат предзнаењата за корупција и антикорупција кај учениците	Пополнување на прашалник за учениците	Октомври	Да се согледаат знаењата и ставовите на учениците за антикорупција	Одговорен наставник
2	Корупција и антикорупција, форми на корупцијата и причини за нејзино појавување	Учениците : Да го разберат значењето на поимите корупција и антикорупција; Да ги препознаваат формите на корупција; Да се поттикнат на критичко размислување;	Работилница: Говорна активност, кусо предавање, дискусија	Октомври	Учениците: - Го дефинираат поимот корупција и ги препознаваат нејзините форми; - Критички размислуваат за проблемот на корупцијата;	Одговорен наставник
3	Механизми за спречување на корупцијата	- Да го сфатат штетното влијание од корупцијата во општеството; - Да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата;	Предавање на тема “Корупцијата – рак на општеството“ Power point презентација, Говорна активност,	Ноември	Го сфаќаат штетното влијание од корупцијата во општеството и ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата	Одговорен наставник

4	Корупција и човекови права Активна борба против корупцијата	- да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество - Да го сфатат штетното влијание од корупцијата во општеството;	Работилница : Говорна активност, Кусо предавање, Драма “Стоп за корупцијата“ Изработка на постери	Декември	- Ја разбираат моќта на поединецот како и на заедницата во однос на борбата против корупцијата; - Ја сфаќаат потребата од морално однесување и делување во поглед на спречување на корупцијата	Одговорен наставник
5	Ликовен и литературе н конкурс на тема: „Корупција- ја сечеш гранката на која што седиш„	Литературно и ликовно изразување на стекнатите знаења	Литературно и ликовно изразување	Февруари	Развиени ликовни и литературни потенцијали на учениците преку усвоените содржини	Одговорни наставници
6	Утврдувањ е на знаењата за корупција и антикорупц ија	Да се утврдат знаењата на учениците за поимите корупција и антикорупција	Дискусија и Крстозбор за утврдување на занењата	Март	Учениците ги разбираат поимите корупција и антикорупција,	Одговорен наставник и Стручни соработници

Програмата може да претрпи промени зависно од текот на наставниот процес и објективни причини настанати од истиот.

Активности	Време на реализација	Учесници	Наставници

Предавање за Програма за Антикорупциска едукација кај учениците во основно образование	август	Наставници, стручни соработници	Ирена Јошевска Весна Вучковска
Пополнување прашалник за утврдување на предзнаењата на учениците за поимите корупција и антикорупција	септември	Ученици од 3 до 9 одделение	Ирена Јошевска Весна Вучковска
Презентација за запознавање со основните поими од Антикорупциска едукација	Октомври (1седмица)	Ученици од 3 до 6 одделение	Ирена Јошевска Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска
Презентација за запознавање со основните поими од Антикорупциска едукација	Октомври (2седмица)	Ученици од 7до 9 одделение	Ирена Јошевска,Сузана Станиќевска Адамс, Жозефина Томашевска
Работилница: Причини и последици од корупцијата	Октомври (3 или 4 седмица)	Ученици од 3 и 4 одделение	Јулијана Јакимовска Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска
Работилница: Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	Октомври (3 или 4 седмица)	Ученици од 5 до 7 одделение	Гордана Димитриева Даниела Пероиќ Стефан Нешковиќ, Маја Тапарчевиќ Зорица Силјановска
Работилница: Активна борба против корупцијата	Октомври (3 или 4 седмица)	Ученици од 8 и 9 одделение	Благица Гогова, Весна Вучковска Александра Ѓаковиќ Даниела Периќ
Работилница: Активна борба против корупцијата: постери	Декември (1 седмица)	Ученици од 3 и 9 одделение	Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска Даниела Периќ, Александра Ѓаковиќ, Благица Гогова Весна Вучковска

Обележување на „9ти Декември- Меѓународниот ден за борба против корупција“-изложба на постери	Декември (2 седмица)	Ученици од 3 и 9 одделение	Ирена Јошевска,

			Андријана Шегмановиќ,Игор Беличански, Стручен тим Стручна служба
Каде сме? Што научивме? Од програмата за Антикорупциска едукација	Февруари (1 седмица)	Ученици од 3 до 6 одделение	Ирена Јошевска Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска
Каде сме? Што научивме? Од програмата за Антикорупциска едукација	Февруари (2 седмица)	Ученици од 7до 9 одделение	Ирена Јошевска, Жозефина Томашевска
Работилница:Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш	Февруари (3 или 4 седмица)	Ученици од 3 и 4 одделение	Јулијана Јакимовска Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска
Работилница:Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата	Февруари (3 или 4 седмица)	Ученици од 5 до 7 одделение	Гордана Димитриева Стефан Ацковски Николина Ѓорчевска Маја Тапарчевиќ Зорица Силјановска
Работилница: Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција	Февруари (3 или 4 седмица)	Ученици од 8 и 9 одделение	Весна Вучковска, Александра Ѓаковиќ Даниела Периќ
Работилница: *Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!*	Мај (1 или 2 седмица)	Ученици од 3 и 4 одделение	Јулијана Јакимовска Ана Гурмешевиќ Кристина Јаневска

Работилница: Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш	Мај (1 или 2 седмица)	Ученици од 5 до 7 одделение	Николина Ѓорчевска, Гордана Димитриева,Маја Тапарчевиќ,Зорица Силјановска
Работилница: Причини и последици од корупцијата	Мај (1 или 2 седмица)	Ученици од 8 и 9 одделение	Даниела Периќ,Александра Ѓаковиќ, Весна Вучковска, Благица гогова
Пополнување на прашалникот од страна на учениците за утврдување на знаењата	Мај (4 седмица)	Ученици од 3 до 9 одделение	Ирена Јошевска, , Жозефина Томашевска
Презентација и дискусиај за постигнатите резултати од програмата за Антикорупциска едукација. Изработка на извештај	Јуни (1 седмица)	Наставници, стручни соработници	Ирена Јошевска

План и програма на проектната активност „Предизвик за млади истражувачи- Од ЃУБРЕ до ЃУБРИВО“

Животната средина е местото каде што постоиме, се движиме, работиме, дишеме. Таа е основна човекова вредност и право, кое сме должни да го заштитуваме и унапредуваме и затоа со овој проект ќе се потрудиме да покажеме дека тоа што го земаме од природата може да го вратиме на природата на вистински начин. Главна цел на проектот е формирање на Групен компост и поттикнување на учениците, нивните родители и локалното население да учествуваат во процесот на компостирање, поконкретно процесот на селектирање отпад, собирање на органски отпад и негова преработка во компост.

Во училиштето се формира Проектен тим од двајца наставници/ментори и 10 ученика од мешан етнички состав (македонци и срби) кои ќе го спроведат истражувањето.

	Подготвителни активности	Потребни материјални ресурси	Времетраење (бр. на денови)
1.	Проверка на кутиите за компостирање и поправка на истата доколку е потребно	Даски од дрво, метална конструкција за фиксирање на кутијата, метална мрежа, клинци, метална жица	8 дена

2	Изработка на информативен материјал за компостирање	Компјутери, интернет, хартија за печатење, тонер, печатач, печатење на постер, печатење на флаери	20 дена
3.	Собирање на органски отпад од училишниот двор	Гребла, метли, лопати, рачна количка за носење отпад, вреќи за собирање органски отпад, мини контејнери за собирање органски отпад, заштитни ракавици, заштитни маски	Според потребите, (најверојатно периодично на секои 5 дена, во текот на 9 месеци)
4	Евидентирање на количина органски отпад која се става во кутијата за компостирање	Компјутери, хартија, апликација за евиденција,	Според потребите, (најверојатно периодично на секои 5 дена, во текот на 9 месеци)
5	Мешање на органски отпад во кутијата за компостирање	вили за мешање на смесата за компостирање	периодично на секои 15 дена
6	Формирање пунктови за собирање органски отпад кој ќе биде доставен од родителите на учениците или локалното население	Компјутери, хартија, апликација за евиденција, рачна количка за носење отпад, вреќи за собирање органски отпад, мини контејнери за собирање органски отпад, заштитни ракавици, заштитни маски,	периодично на секои 15 дена
7	Формирање листа на „Компост-Пријатели“, лица кои доставуваат органски отпад. (Изработка на различни ранглисти според количината на доставен органски отпад пр. топ-три места на месечно ниво, најголема количина на органски отпад во текот на 9 месеци и сл. Овие листи имаат за цел да се поттикнат и охрабрат луѓето од локалната заедница да учествуваат во нашиот групен компост**)**	Компјутери, хартија, апликација за евиденција,	Во текот на целото истажување

8	Изработка на промотивен материјал, презентации, слики и видеа од процесот на истажување	Компјутери, хартија, камери, соодветни компјутерски програми, апликација за евиденција,	Во текот на целото истажување
9	Евидентирање на количина готов компост од кутијата за компостирање и негово складирање	Компјутер, хартија, апликација за евиденција, кеци или кутии каде ќе се складира готовиот комост	периодично на секои 30 дена, со тоа што првата евиденција ќе биде 3 месеци после почетокот на собирање на органски отпад
10	Изработка на видео за целото истражување	Компјутери, камери, соодветни компјутерски програми, апликација за евиденција,	Последниот месец од истражувањето
11	Изготвување извештај	Компјутер, хартија, пристап до веќе прибрани податоци	20 дена
12	Изготвување Благодарници на членовите од „КомпостПријатели“	Компјутер, хартија, пластификатор, фолија за пластифицирање пристап до веќе прибрани податоци	10 дена
13	Доделување Благодарници на членовите „Компост-Пријатели“	Компјутер, хартија, проектор	1 ден

АКЦИОНЕН ПЛАН

Реализација на програмата на проектната активност

„Предизвик за млади истражувачи- Од ЃУБРЕ до ЃУБРИВО“

	Содржина на активноста	Време на реализација	Реализатор	Начин (како)	Очекувани резултати	Следење	Индикат ор
1	Согледување на можностите за реализација на активности	Август септември	Директор, стручни соработници, Проектен тим	Работни средби, анализа на активностите од минатата год.	Согледување на можностите за реализација на активности	Тим за изработка на акциски план	Извештај во пишана форма
2	Избор на активности кои ќе се реализираат	до 15 ти септември	Директор, Проектен тим	SWOT анализа	Изборани активности кои ќе се реализираат	Наставници/ ментори и директор	Извештај во пишана форма

3	Изготвување на план и програма за реализација на активности	септември	Директор, Проектен тим	Заеднички работни средби	Изработка на годишно планирање	Наставници/ ментори и директор	Планирањ е во писмена форма и постерпланирање
4	Реализирање на планирањето	септември - јуни	Проектен тим	Средби, Работилници, Трибини, ЕКОакции, Пунк за собирање органски отпад	Реализација на планираното и продлабочув ање на активности	Наставници/ ментори	Извештаи во пишана форма од реализира ните активности
